С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 18 година XLIV

02 декември 2008

288.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.11.2008 година.

Број 08-6035/7
01.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана 28.11.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година и тоа на следниот начин:

Потпрограма Потставка		Буџет	Самофин.	Донации	Дотации	Кредит
K_1	**БИБЛИОТЕКАРСТВО**					
401130	Основни плати-други вработени	0	0	0	-64.513	0
401320	Надомест за храна	0	0	0	-53.500	0
410510	Персонален данок на доход од плата	0	0	0	-37.029	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	0	-25.439	0
402210	Основни придонеси за здравство	0	0	0	-18.022	0
402310	Основни придонеси до Агенција за вработување	0	0	0	-5.000	0
421120	Водовод и канализација	0	0	0	30.000	0
421240	Течни горива	0	0	0	173.503	0
K_3	**МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ**					
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	0	-1.000	0
403110	Придонес за водоснабдување	0	0	0	1.000	0
N_1	**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**					
401130	Основни плати-други вработени	0	0	0	-1.861.464	0
401310	Надомест за превоз до и од работно место	0	0	0	-209.564	0
401320	Надомест за храна	0	0	0	-522.488	0
401510	Персонален данок на доход од плата	0	0	0	-1.860.179	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	0	-915.197	0
402210	Основни придонеси за здравство	0	0	0	-407.479	0
402310	Основни придонеси до Агенција за вработување	0	0	0	-54.898	0
421110	Електрична енергија	0	0	0	1.077.207	0
421240	Течни горива	0	0	0	3.679.062	0
425760	Превозни услуги во образовнието	0	0	0	1.075.000	0
N_2	**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**					
401130	Основни плати-други вработени	0	0	0	-2.705.189	0
401310	Надомест за превоз до и од работно место	0	0	0	-58.003	0
401320	Надомест за храна	0	0	0	-487.993	0
401510	Персонален данок на доход од плата	0	0	0	-1.193.537	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	0	-1.137.857	0
402210	Основни придонеси за здравство	0	0	0	-484.795	0
402310	Основни придонеси до Агенција за вработување	0	0	0	-63.126	0
403110	Придонес за водоснабдување	0	0	0	-8.503	0
421110	Електрична енергија	0	0	0	613.764	0
421120	Водовод и канализација	0	0	0	838.532	0
421240	Течни горива	0	0	0	4.686.707	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел од Буџетот на општината за 2008 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5999/9
29.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

289.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план на дел од Велес-локалитет станбена единица на МЗ “Алексо Демниевски Бауман“ (дел) (измена и дополнување) – Општина Велес

Се објавува Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план на дел од Велес-локалитет станбена единица на МЗ„Алексо Демниевски Бауман“ (дел) (измена и дополнување) – Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.11.2008 година.

Број 08-6035/1
01.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.24/08)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- станбена единица-МЗ „Алексо Демниевски - Бауман “(дел) (изменување и дополнување) – Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет-станбена единица-МЗ „Алексо Демниевски - Бауман“ (дел)(изменување и дополнување) – Општина Велес

По утврдувањето на Нацрт-деталниот урбанистички план за дел од Велес, локалитет-станбена единица - МЗ„ Алексо Демниевски - Бауман“ (дел) (изменување и дополнување) – Општина Велес, Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатени медиуми.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5999/3
29.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

290.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за утврдување стратешки приоритети на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Одлуката за утврдување стратешки приоритети на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.11.2008 година.

Број 08-6035/2
01.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 15, став 3 од од Законот за буџетите („Сл.весник на РМ“ бр.64/05, 4/08) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2008 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на стратешките приоритети на Општина Велес за 2009 година

Член 1

Со Оваа Одлука Општина Велес ги утврдува стратешките приоритети за делување во 2009 година.

Член 2

За стратешки приоритети на Општина Велес за 2009 година се утврдуваат:

-подобрување на квалитетот на живеење;

-забрзан локален развој преку воспоставување на стимулативни мерки за поддршка и поттикнување на домашни и странски инвестиции и создавање услови за развој на мали и средни претпријатија (МСП);

-осовременување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура во урбаните и руралните заедници;

-обезбедување на подобри, побрзи, современи, секогаш достапни и квалитетни услуги за граѓаните;

-примена на стандарди за современо образование и негов континуиран развој како темел за економскиот развој на општината;

-сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Велес;

-подобрување на социјалната заштита и заштитата на деца преку осовременување на постоечките капацитети;

-инвестирање во спортот за создавање услови за развој на масовниот, квалитетниот и рекреативниот спорт;

-продолжување на напорите за обезбедување на здрава животна средина;

-продолжување на соработката со НВО секторот;

-зајакнување на транспарентноста, борбата против корупцијата и учеството на граѓаните;

-интензивирање на соработката со збратимените и градовите пријатели на Велес и проширување на соработката со други градови од светот.

Член 3

За остварување на стратешките приоритети од член 2, став 1 на оваа Одлука, се утврдуваат следниве приоритетни цели:

-модернизација и проширување на постојните водоснабдителни и санитациони системи и изградба на нови;

-безбедно, сигурно и квалитетно снабдување со здрава вода за пиење;

-модернизација и проширување на постојната и изградба на нова патна инфраструктура;

-промоција на развојните капацитети и можности за инвестиции;

-зголемување на инвестициите преку воспоставување на јавно-приватни партнерства;

-поддршка и развој на МСП преку олеснување на пристапот до информации и едукација и консултации за можностите и начините за пристап до донатори;

-понатамошен развој на информатичкото општество и електронската општина;

-отварање на нови дисперзирани канцеларии во поголемите рурални заедници;

-воспоставување на редовна екстерна евалуација на услугите;

-подигнување и унапредување на квалитетот на образованието, модернизација на образовниот систем;

-подобрување на условите за реализирање на современ образовен систем (реконструкција и санирање на училишни објекти и спортски објекти и терени во рамките на училиштата);

-промоција на културниот идентитет на Велес во Република Македонија и во странство;

-рамномерен развој на сите области од уметноста и културните вредности;

-превенција и подобрување на социјалната заштита и зајакнување на улогата на социјалните институции на локално ниво;

-превенција од девијантни појави, подобрување на условите за живот на социјално ранливи и маргинализирани групи;

-реконструкција, уредување и одржување на спортски терени во градот и населените места;

-зголемување на интересот за спорт преку континуирано организирање на спортски активности и манифестации;

-изработка на стратегија за соработка на општината со НВО секторот;

-реализирање на партнерски проекти со НВО секторот;

-зголемување на транспарентноста и активната граѓанска партиципација во процесите на донесување одлуки;

-подобрување на потенцијалот на сите релевнанти фактори (граѓански, јавен и бизнис сектор) за искористување на можностите понудени во рамки на предпристапните фондови на ЕУ;

-организирање кампањи за борба против корупцијата и зголемување на учеството на младите;

-реализација на взаемни активности и работни посети со збратиманите и градовите пријатели на Велес; и

-проширување на меѓународната соработка со градовите Чан-Чанакале Република Турција, Житомир – Република Украина и Тузла – Босна и Херцеговина.

Член 4

Средствата потребни за финансирање на стратешките приоритети од член 2 на оваа Одлука ќе се предвидат во Буџетот на Општина Велес за 2009 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5999/4
29.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

291.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за донесување План на програмите за развој 2009-2011 година

Се објавува Заклучокот за донесување на План на програмите за развој 2009-2011, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.11.2008 година.

Број 08-6035/3
01.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување План на програмите за развој 2009 - 2011 година

1. Советот на Општина Велес донесе План на програмите за развој 2009 – 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5999/5
29.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите („Сл.весник на РМ" бр. 4/08), член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ"бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2008 година, донесе

ПЛАН
на Програмите за развој 2009-2011

1.Планот на Програмите за развој претставува среднорочен приказ на годишните програми кои се наменети за развојни инвестиции на Општина Велес за периодот од 2009-2011 година.

2. Планот е изготвен со тебеларен приказ во образец и истиот го одобрува Советот на Општина Велес.

3. Планот на Програмите за развој е преглед на среднорочните проекции на одобрени средства во Општина Велес утврдени по одделните буџетски програми и потпрограми.

Планот ги содржи и годините во кои средствата ќе се реализираат и изворите за нивно финансирање.

4. По одобрувањето на Планот од Советот на Општина Велес, истиот станува составен дел на Предлог -буџетот на општината и се објавува во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5999/5
29.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

292.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.11.2008 година.

Број 08-6035/8
01.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-5999/10
29.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 46 од Законот за градежно земјиште (“Сл. весник на РМ”бр. 82/08), а согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (“Сл. весник на РМ” бр. 80/01 и 85/01), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана 28.11.2008 година, донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за уредување на гредежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година

1.Во Програмата за уредување на гредежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година, донесена на 76-тата седница на Советот на Општина Велес одржана на 18.11.2008 година, се врши измена и дополнување поради усогласување на приходната со расходната страна и тоа:

Во глава „IV. Извори на финансирање на Програмата“, во точка 10 од приходната страна „Средства од Буџетот на општината“ износот од „17.500.000“ се брише и се заменува со „15.650.000“.

Во делот вкупно износот од „127.000.000“ се брише и се заменува со „125.150.000“.

2. Со донесувањето на оваа Програма, се врши измена и дополнување на Програмата за уредување на гредежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година.

3.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5999/10
29.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

293.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.11.2008 година.

Број 08-6035/4
01.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5999/6
29.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

294.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучокот за усвојување на Извештај за извршена дератизација на град Велес за месец септември и октомври 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршена дератизација на град Велес за месец септември и октомври 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.11.2008 година.

Број 08-6035/5
01.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршена дератизација на град Велес за месец септември и октомври 2008 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за извршена дератизација на град Велес за месец септември и октомври 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5999/7
29.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

295.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за разрешување и именување член на Комисијата за спорт и млади

Се објавува Решението за разрешување и именување член на Комисијата за спорт и млади, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.11.2008 година.

Број 08-6035/6
01.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 23 и член 25 став1 од Стаутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес бр.12/06“),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2008 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување член на Комисијата за Спорт и млади

1.Од должноста член на Комисијата за спорт и млади се разрешува:

-Никола Нацев.

2. За член на Комисијата за спорт и млади се именува:

-Марина Мијајлевска

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ .

Број 07-5999/8
29.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

288	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година** **О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2008 година**	**511**
289 .	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план на дел од Велес-локалитет станбена единица на МЗ "Алексо Демниевски Бауман" (дел) (измена и дополнување) – Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- станбена единица-МЗ „Алексо Демниевски - Бауман "(дел) (изменување и дополнување) – Општина Велес**	**513**
290	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување стратешки приоритети на Општина Велес за 2009 година** **ОДЛУКА за утврдување на стратешките приоритети на Општина Велес за 2009 година**	**513**
291	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување План на програмите за развој 2009-2011 година** **З А К Л У Ч О К за донесување План на програмите за развој 2009 - 2011 година** **ПЛАН на Програмите за развој 2009-2011**	**515**
292	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година** **ПРОГРАМАза измена и дополнување на Програмата за уредување на гредежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година**	**516**
293	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности**	**517**

Бр на акт **Страница**

294	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучокот за усвојување на Извештај за извршена дератизација на град Велес за месец септември и октомври 2008 година**	**517**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за извршена дератизација на град Велес за месец септември и октомври 2008 година	
295	**З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување и именување член на Комисијата за спорт и млади**	**518**
	Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член на Комисијата за Спорт и млади	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00